АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 01-260/1
07.12. 2023 год.
СКОПЈЕ



# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ВРШЕЊЕ НА НАДЗОР НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ за 2024 година

Декември, 2023 година

Кеј "13 Ноември", ГТЦ кат 2, зграда 4, влез 1 локал 2, П.фах 160, 1000 копје

02 3 212 107

info@ap.mk

www.ap.mk

©Агенција за пошти Скопје

*При користење на податоци од документите, извештаите, публикациите на Агенцијата за пошти потребно е да се цитира изворот.*

# СОДРЖИНА


Вовед.....4

1. Спроведување на надзорот .....4
2. Редовен надзор.....6
3. Вонреден надзор.....8
4. Контролен надзор.....8
5. Заеднички надзор .....9
6. Контрола на работењето на давателите на поштенски услуги.....10
7. Надзор над „диви даватели“.....10


www.ap.mk

**ЗА ПРОГРАМАТА**

**Врз основа на член 73 став 3 од Законот за поштенските услуги (Службен весник на Република Македонија„ бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019, 150/2021 и 227/2022), Директорката на Агенцијата за пошти донесува Годишна Програма за вршење на надзор.**

# ВОВЕД

Агенцијата за пошти (во натамошниот текст: Агенцијата) врши надзор над спроведување на Законот на поштенските услуги[1] (во натамошниот текст: Законот) и прописите донесени врз основа на овој закон. Надзорот го вршат раководни и стручни лица од Агенцијата, овластени за тоа со решение на директорот на Агенцијата. Во Агенцијата за пошти има 7 (седум) овластени лица за вршење на надзор.

Надзорот се врши над спроведување на одредбите на овој закон, прописите и другите општи акти донесени врз основа на него, а особено врз:

- пристапот до универзалната услуга;
- квалитетот на обезбедување на универзалната услуга;
- обезбедување пристап до поштенската мрежа;
- примена на цените на универзалната услуга;
- имплементација на сите акти донесени од страна на Агенцијата, и
- над други работи утврдени со овој закон и над прописите и другите општи акти донесени врз основа на него.

Целта на надзорот е преку примена на законските одредби да се подобри квалитетот на поштенскиот сектор во Република Северна Македонија.

## 1. Спроведување на надзорот

Согласно член 76 од Законот, надзорот ќе се спроведува како:

1) **Редовен надзор** кој опфаќа надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и Годишната програма за вршење на надзор;

2) **Вонреден надзор** кој по правило се врши ненајавено, врз основа на поднесена иницијатива од корисници или даватели на поштенски услуги,

[1] (Службен весник на Република Македонија„ бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019, 150/2021 и 227/2022)

како и во случај на сомневање на овластеното лице (по службена должност), и

3) **Контролен надзор** кој се врши по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на директорот на Агенцијата, при што овластеното лице при утврдување на фактичката состојба ќе констатира дека субјектот на надзорот:

- постапил по решението во целост;
- делумно постапил по решението, или
- не постапил по решението.



Давателите на поштенски услуги ќе бидат субјект на надзор, доколку се констатира дека:

- **не доставуваат известување до Агенцијата** за секоја промена на Општите услови, како и на податоците наведени и доказите приложени кон нотификацијата;
- **не го извршуваат плаќањето** на паричните обврски, на име на надоместоци и трошоци од овој закон, на начин и во рокови утврдени со поединечни акти на Агенцијата;
- **не доставуваат податоци и информации поврзани** со обезбедувањето на поштенските услуги, на барање на Агенцијата;
- **не поднесуваат писмен извештај** до Агенцијата со релевантни податоци за обезбедувањето на поштенски услуги двапати годишно и тоа за првата половина од календарската година до 01 септември, а за втората до 01 март наредната година;
- **не вршат евидентирање на поштенските услуги** за пратките на дневна основа, соодветно документирање на препорачани пратки и не воделе систем за континуирано мерење на обемот на извршени поштенски услуги, по видови на пратки. (Евиденцијата за услугите за препорачаните како и на дополнителните услуги за пакети со откупнина задолжително да ги содржи адресните податоци на примач и на испраќач (име и презиме/назив за правни лица и нивни полни адреси) наведени во адресницата за секоја пратка. Поштенската документација за извршените поштенски услуги се чува не пократко од 1 година сметано од завршување на доставата).






## 2. Редовен надзор

Овластеното лице за вршење надзор на Агенцијата за пошти писмено го известува субјектот на надзорот за денот, часот и местото каде ќе се врши редовниот надзор. Писменото известување содржи задолжение за обезбедување задолжително присуство при вршењето на надзорот на одговорното лице кај субјектот на надзорот и потребната документација и информации кои субјектот на надзор е должен да ги подготви заради непречено и ефикасно вршење на надзорот, со предупредување за последиците од евентуалното непостапување по истото. Доколку на денот на вршење надзорот горенаведеното лице не е присутно, овластеното лице ќе изврши надзор кај субјектот на надзор во присуство на друго лице.

Овластеното лице е должно да го достави писменото известување до субјектот на надзор, најдоцна три дена пред денот на надзорот[2].



[2] https://ap.mk/ap.mk/resource/legislativa/Pravilnik_nacin_vrsenjee_nadzor.pdf

**Субјекти на редовен надзор во 2024 година ќе бидат следните давателите на поштенски услуги:**

| Реден број | Назив | Давател на[3] поштенски услуги од | Време на спроведување на надзорот |
|---|---|---|---|
| 1 | **Карго Експрес ДООЕЛ увоз извоз Битола** | 12.12.2008 година | Прв квартал (февруари, март) |
| 2 | **ДМ Јосифоски ДООЕЛ Прилеп** | 23.03.2017 година | Прв квартал (февруари, март) |
| 3 | **ВИП Пошта ДООЕЛ Скопје** | 24.03.2019 година | Втор квартал (април, мај, јуни) |
| 4 | **Анфиленд ДООЕЛ извоз увоз за подружница Брза пошта број 1 Скопје** | 11.01.2019 година | Втор квартал (април, мај, јуни) |
| 5 | **ПЛАН ЕКСПРЕС ДООЕЛ Скопје** | 17.01.2020 година | Трет квартал (септември) |
| 6 | **УРБАН ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ДОО Скопје** | 02.10.2020 година | Трет квартал (септември) |
| 7 | **СИТИ ЕКСПРЕС ПОШТА увоз-извоз ДООЕЛ Битола** | 26.02.2021 година | Четврт квартал (октомври, ноември, декември) |
| 8 | **ВИА ПОСТ ДООЕЛ Скопје** | 08.06.2021 година | Четврт квартал (октомври, ноември, декември) |
| 9 | **Колпортер ДОО Скопје** | 01.06.2021 година | Четврт квартал (октомври, ноември, декември) |
| 10 | **Пошта ПЕШТАН ЕКСПРЕСС ДООЕЛ Охрид** | 12.05.2022 година | Четврт квартал (октомври, ноември, декември) |

[3] Регистар на лиценци | Агенција за пошти (ap.mk)



## 3. Вонреден надзор

Вонредниот надзор ќе биде вршен согласно укажаната потреба т.е. врз основа на поднесена иницијатива од корисници или даватели на поштенски услуги, како и во случај на сомневање на овластеното лице по службена должност.

Овластените лица го вршат вонредниот надзор во просториите и превозните средства на субјектот на надзорот или на секое друго место каде ќе се затекнат негови вработени и лица кои обезбедуваат поштенски услуги во име и за сметка на субјектот на надзор, по правило без претходна најава за денот и часот на надзорот.

По исклучок, во зависност од природата на надзорот и негови околности, заради обезбедување ефикасност во постапувањето, овластените лица можат однапред писмено, по електронска пошта или телефонски да го најават вонредниот надзор, водејќи при тоа сметка за целта заради која е определен вонреден надзор[4].



## 4. Контролен надзор

Контролниот надзор ќе се врши по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на директорот на Агенцијата, кај оние давателите на поштенски услуги каде овластеното лице при утврдување на фактичката состојба констатира дека субјектот на надзорот:

- постапиле по решението во целост;
- делумно постапиле по решението, или
- не постапиле по решението.

[4] https://ap.mk/ap.mk/resource/legislativa/Pravilnik_nacin_vrsenjee_nadzor.pdf

Контролниот надзор, по правило, се врши со претходно писмено известување.



## 5. Заеднички надзор

Овластените лица на Агенцијата за пошти ќе вршат заеднички надзор, истовремено со службени лица кои вршат надзор од други инспекциски служби.

Заеднички надзор ќе се врши задолжително доколку:

- тоа е неопходно за преземање на итни мерки кои не трпат одлагање;
- тоа е неопходно заради сложеноста на надзорот или значењето за отстранување на недостатоците;
- тоа е неопходно заради земање на примероци од пратки и нивна содржина или други предмети чија контрола е во надлежност на повеќе инспекции;
- се оцени дека надзорот на тој начин може да се изврши побрзо и со помалку трошоци и губење време на субјектот на надзорот; овластените лица и инспекторите, и
- во други случаи утврдени со закон.

Заради вршење на заеднички надзор, Агенцијата за пошти и другите инспекциски служби се должни да соработуваат, а особено во делот на:

- усогласување на програмите и плановите за работа и планирање на заедничкото вршење на надзорот;
- размена на искуства и усогласување на ставовите за начинот и методите на работа и други прашања;
- одржување на заеднички состаноци, консултации, советувања и други облици на меѓусебна соработка, и
- известување на другите државни органи за спроведувањето на прописите од нивната надлежност за кои ќе дознаат во вршењето на надзорот.



## 6. Контрола на работењето на давателите на поштенски услуги

Во 2024 година, Агенцијата ќе продолжи со контрола на работењето над давателите на поштенски услуги.

Врз основа на член 48 став 3 од Законот, давателите на поштенски услуги се должни цените и Општите услови да ги достават до Агенцијата за пошти и да ги објават во просториите на давателот на поштенски услуги на видно место. Во таа насока, целта на контролата ќе биде проверка на нивното работење во делот на усогласеност со постоечката легислатива и Општите услови за обезбедување поштенски услуги.

Согласно надлежностите, Агенцијата ќе врши контрола за видовите и цените на услуги, начинот и рокови на достава, рекламационите постапки, контактните информации и други податоци кои давателите на поштенски услуги се должни да ги доставуваат, се со цел континуирано следење на исполнување на сите обврски на давателите на поштенските услуги согласно Законот.



## 7. Надзор над „дивите даватели“

Согласно член 38 од Законот, активностите на Агенцијата ќе бидат насочени и кон зајакната супервизија на пазарот на поштенските услуги со цел да се откријат и да се превенираат злоупотреби на пазарот од аспект на обезбедување на поштенски услуги од страна на правни и физички лица кои немаат поднесено нотификација до Агенцијата, односно за кои Агенцијата нема издадено Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги.

**АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ**
**Директорка**
**Билјана Аврамоска Ѓореска**